**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**

**Добредојдовте на официјалната страна за упис на нови студенти на Економскиот факултет - Скопје!**

Ви благодариме што го избравте Економскиот факултет – Скопје, лидер во високото образование во државата!

Драги кандидати, Ве инфомираме дека во учебната 2026/2027 година на Економскиот факултет-Скопје, може да се запишат сите кандидати кои положиле **државна матура,** соодветна **стручна матура** согласно соодветноста на струки/сектори и профили/квалификации со подрачја според Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED-F 2013) **ЛИНК**, како и оние кандидати кои ги исполнуваат условите кои се предвидени во конкурсот за запишување на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 (**линк од конкурс**)

- **Важни датуми:**

| | Прв рок | Втор рок | Трет рок | За странски студенти |
|---|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 18.8. и 19.8.2026 | 10 и 11.9.2026 | 23.9.2026 | до 29.9.2026 |
| Објавување резултати од успехот од средно образование (прелиминарна ранг-листа) | 24.8. 2026 | 15.9.2026 | | |
| Објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг-листа) | 27.8. 2026 | 17.9.2026 | | до 30.9.2026 |
| Запишување на кандидатите | 3. и 4.9. 2026 | 21.9.2026 | 28.9.2026 | 1.10.2026 |

- **Изберете го вашиот студиски правец:**

| Насока/департман | 🔗 линк до студиската програма |
|---|---|
| **Е-бизнис** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департмант-е-бизнис/е-бизнис-студиска-програма-2022-2023/ |
| **Економија** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департмант-економија/економија-студиска-програма-2022-2023/ |
| **Маркетинг** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департман-маркетинг/маркетинг-студиска-програма-2022-2023/ |
| **Менаџмент и претприемништво** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департмант-менаџмент/менаџмент-и-претприемништво-студиск/ |

| Насока/департман | 🔗 линк до студиската програма |
|---|---|
| **Меѓународна трговија** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департмант-меѓународна-трговија/меѓународна-трговија-студиска-прогр/ |
| **Сметководство и ревизија** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департмант-сметководство-и-ревизија/сметководство-и-ревизија-студиска-пр/ |
| **Финансии** | https://eccf.ukim.edu.mk/студии/прв-циклус-програми/департмант-финансии/финансии-студиска-програма-2022-2023/ |

**ВАЖНА ИНФОРМАЦИЈА ПРИ ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ!**

🔹 Пред да ги поднесете документите задолжително регистрирајте се електронски, за упис на прв циклус на студии на **www.upisi.ukim.mk**. Доколку сте положиле **стручна матура**, при регистрацијата внимателно проверете дали вашата стручна матура е соодветна за запишување на Економски факултет-Скопје. **(ЛИНК)**

🔹 Користете ваша валидна е-маил адреса. Е-маил адреса и лозинка се важни информации до завршување на студиите;

🔹 По регистрацијата системот автоматски генерира број;

🔹 Изберете ги сите седум департмани по Ваш приоритет, (бр.1 најпосакуван, .... бр.7 најмалку посакуван) - изборот на сите департмани ви ја зголемува можноста за упис на Економскиот факултет;

🔹 **Се согласувам и за приватна квота** (ако не сум рангиран во државна) - препорачуваме ова поле да го изберете бидејќи ви ја зголемува можноста за упис на Економскиот факултет;

🔹 Изборот на сите департмани по ваш приоритет и согласноста за приватна квота ви ги зголемуваат можностите за запишување на Економскиот факултет;

🔹 **Специјални услови** наменето само за кандидатите кои ги исполнуваат условите од глава 4, точка 6 од конкурсот! Статусот на специјални услови се докажува само со оригинални документи или нивна нотарска заверка **Специјални услови.pdf**;

🔹 **Внесување на оценки** откако ќе ги внесете информациите за резултатите добиени од полагањето на државната/стручна матура (оценки и перцентилен ранг, интерни предмети и проектна задача), потребно е да се внесат сите оценки во сведителствата од прва до четврта година- Пример:

**Оценки од средно**

| Учебна година | Оценки | # |
|---|---|---|
| I | 555455555545555 | 15 |
| II | 5555555555555 | 13 |
| III | 555555555555555 | 15 |
| IV | 5555555555555 | 13 |

- **Изјава за припадност на националност** пополнуваат само кандидати кои сакаат да бидат рангирани на листа за националност, согласно квотите предвидени во конкурсот. Изјавата се генерира и печати од Iknow системот;

- Статус **некомплетна пријава** - вратете се на пријавата, пополнете ги задолжителните полиња и на последната страна притиснете прати!

- Статус **пријавен online** е успешна пријава!

**ВАЖНА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ!**

- Поднесувањето на оригиналните документи предвидени со конкурсот, ќе се врши на:

**18-ти и 19-ти август** во просториите на Економскиот факултет – Скопје,

**од 08:30 до 15:30 часот**, во **Предавална 3** и **Предавална 5**.

**Потребни документи:**

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. потпишани универзитетски пријавен лист и интерен пријавен лист (генерирана од iKnow-системот);
2. оригинални свидетелства од сите класови ( копија на свидетелствата без заверка на нотар);
3. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование и копија од дипломата без заверка на нотар);
4. извод од матичната книга на родените; (оригинал, а може и електронски генериран и испечатен)
5. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение) (оригинал ,а може и електронски генериран и испечатен);
6. потврда за уплата:

– **Административната такса во износ од 50,00 денари** Образец ПП 50
Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје;
Банка напримачот: НБРМ;
Тансакциска сметка 100-0000000-630-95;
Уплатна сметка 840-XXX-03161; ( во полето ххх стои шифра на општина **шифри на општина.pdf**
Конто 722313 00);

**– 300 денари за студиски програми за кои не се врши проверка на знаењата и умеењата на жиро-сметката на факултетот**, на Образец ПП 50
Назив на примачот Економски факултет-Скопје
Банка на примачот НБРМ Сметка 100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600103697 788 10
Приходна шифра и програма 723013 41

- **За кандидатите кои се пријавиле како вонредни студенти** при конкурирање поднесуваат образец М1/М2 нотарски заверен, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 (издадено од З.У. Студентска поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).

- По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување, кандидатот има право на **приговор во** рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до конкурсната комисија на факултетот. Решението на комисијата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

## ПОДДРШКА ПРИ УПИС:

- Обезбедена компјутерска лабараторија како поддршка за кандидатите кои имаат потешкотии со електронската регистрација;

- Ве очекува топол прием од студенти волонтери задолжени за помош и координација при поднесување на документите.

Ви благодариме на довербата!

Ваш
Економски факултет - Скопје